РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Државен просветен инспекторат**

Број:31-4/3

Датум: 26.2.2025 година

Свети Николе

| ООМБУ„Лазо Мицев-Рале“ – Општина Кавадарци | |
|---|---|
| **Конечен - извештај од извршена интегрална евалуација** | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 24, 25, 26 Февруари 2025 година |
| **Број на извештај:** | 1/2025 - Вардарски регион |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Александар Арсов |
| **Вид на училиштето:** | Основно училиште |
| **Подрачни училишта** | нема |
| **Основач на училиштето:** | Општина Кавадарци |
| **Наставен јазик:** | Македонски јазик |
| **Број на ученици:** | 286 |
| **Полова структура на ученици:** | 146 машки и 140 женски |
| **Број на наставници:** | 21 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Василка Дрварова |
| **Директор на училиштето:** | Златко Јованов |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 9 до 11.5.2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | ул.„ Брака Миладиновци " 66 Кавадарци |
| **Телефон:** | 043/415-029 |
| **Факс:** | 043/415-029 |
| **e-mail:** | Lazomicev_rale@yahoo.com |
| **Оценка ИЕ** | 3.31 (Добро [1]) |

Инспекцискиот надзор е извршен во согласнот со членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветната инспекција („Службен весник на РМ“бр. 52/2005, 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013, 41/2014, 33/2015, 145/2015,30/2016 и 64/2018) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Службен весник на РМ“ бр. 86/2006).

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

# РЕЗИМЕ

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за Просветната инспекција од 24 до 26 февруари 2025 година, тим од двајца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ООМБУ„Лазо Мицев-Рале" Кавадарци.

Во подготвителната фаза е извршено прибирање на документација од училиштето, спроведено е анкетирање на структурите во училиштето по пропишана методологија и извршена е обработка на податоците од документацијата и анкетите.

Државните просветни инспектори за време на Интегралната евалуација во училиштето остварија средби со директорот и стручната служба, одржаа состаноци со Училишниот одбор, Совет на родители и Училишната заедница. Се водеа разговори со фокус групи на ученици, наставници и членови на тимот на изготвување на Самоевалуацијата.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООМБУ„Лазо Мицев-Рале" Кавадарци е оценето со **3,31 добро.**

Во ООМБУ „Лазо Мицев Рале"-Кавадарци се реализираат наставни планови и програми за основно музичко и балетско образование. Истите се реализираат во пропишаниот обем и се во согласност со донесените програмски документи од страна на Министерството за образование и наука.

Наставата во училиштето се изведува индивидуално и групно. Во вокално - инструменталниот оддел се изучуваат задожителни предмети: солфеж, теорија на музиката, виолина, пијано, тромбон, пеење, хармоника, флејта, кларинет, труба и традициски инструменти.

Групната настава е организирана по теорија на музиката, солфеж, балет, хор и оркестар. Во училиштето како изборни предмети се изучува хор и оркестар.

Во балетскиот оддел се изучуваат: класичен балет, модерен балет, карактерни игри и гимнастика.

Во зависност од инструментот кој се изучува основното музичко образование може да биде со траење од девет, шест и три години.

Основното балетско образование трае шест години, а основното образование за пеење трае три години.

Училиштето има формирано тим за училишна инклузија, кој има изготвено програма за работа и истата е во склоп на Годишната програма за работа на училиштето. Во училиштето во оваа учебна година нема запишано ученици со посебни образовни потреби .

Во изминатите три учебни години учениците учествувале на многубројни натпревари од државен и меѓународен карактер, на кои имаат освоено голем број на награди. Во учебната 2023/24 год. учениците освоиле вкупно 119 награди, од кои 12 први награди на регионален натпревар, 13 први и една втора награда на државен натпревар и купно 93 награди на меѓународен натпревар од кои 70 први награди и 23 втори награди. Во изминатата учебна година учениците учествувале на голем број на манифестации на општинско и државно ниво.Учениците

по традициски инструменти и заедно со хорот на училиштето, учествувале со настап по повод Ден на општина Бољевац Р.Србија како и на фестивалот "СРМА" Ковин Р.Србија, учество на интернационален АРТ фестивал во Р. Молдавија, учество на новогодишни концерти, фестивал „Срма" Кавадарци, учество на меѓународен натпревар по камерна музика Кавадарци 2024 год. каде училиштето е организатор и домаќин, учество на хорот и оркестарот во рамки на манифестацијата „Денови на Македонската култура" во Ниш, настап на хорот и оркестарот на фестивал за традициска музика во Ковин Р. Србија, како и учество на многу други настани.

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по пол, националност, по наставни предмети, податоци за средниот успех по години и податоци за изостаноците на учениците. Во текот на учебната година се добиваат тековни сознанија за напредокот и постигањата на учениците. Се води евиденција за напредокот, поведението и редовноста на учениците.

Во изминатиот период училиштето во соработка со партнер училиштето ООМУ „Енвер Стафаи"-Гостивар има реализирано активности од проектот за меѓуетничка интеграција во образованието. Во учебната 2024/25 год. поради откажување на соработката со партнер училиштето од Гостивар, училиштето нема планирани активности од проектот МИО.

Наставниците имаат изготвени годишни и тематски глобални планирања и оперативен план за подготовка за часот за предметите кои ги предаваат. Освен редовната настава, наставниците ја планираат дополнителната и додатната настава Планирањата на поголем број наставници ги содржат неопходните елементи за успешна реализација на наставата. Наставниците во текот на реализацијата на наставата индивидуално ги прилагодуваат наставни програми за работа со учениците кои имаа потешкотии во учењето. Предметниот наставник може да ја прошири програмата во зависност од способностите на ученикот.

Во училиштето има процедура за следење на планирањата на наставниците од страна на директорот на училиштето. Планирањата на наставниците се следат најмалку два пати во едно полугодие од директорот на училиштето и педагогот во училиштето при што на наставниците им се дава инструктивно советодавна помош за подобрување на квалитетот на планирањата.

Наставниците планираат индивидуално, на ниво на активи соработуваат, разменуваат искуства и идеи за планирањето во согласност со препораките на БРО. Интеракцијата помеѓу наставник - ученик во процесот на наставата е добра.

Дополнителната и додатната настава и слободните активности се реализираат согласно Годишната програма за работа и изготвените распореди.

Учениците и родителите се запознаени со критериумите за оценување на учениците по наставните предмети.

На крај од наставната година учениците задолжително полагаат годишен испит. Мислењето од комисијата за годишниот испит се евидентира во Дневникот за индивидуална настава за учениците. Во текот на учебната година се одржуваат по два јавни часа (концерт на учениците) исто така пракса е и на родителски средби се реализираат јавни часови кои се минимум четири годишно, каде родителите можат постигањата на своето дете да го споредат со другите ученици од одделението.

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Најголем број од наставниците уживаат респект кај учениците и родителите и придонесуваат за целосна афирмација на училиштето. Раководството има важна улога во одржувањето на добрата атмосферата во училиштето, остварува добра соработка со учениците, наставниците и родителите.

Училиштето нема ученици со пречки во развојот.

Училиштето има донесено Кодекс на однесување на учениците и Правила на однесување на учениците во училиштето. Во случај на кршење на правилата на однесување на учениците во училиштето, на учениците им се изрекуваат педагошки мерки утврдени во Правилникот за изрекување на педагошки мерки за учениците и Законот за основно образование.

Во претходните три учебни години нема изречено педагошка мерка на ученици. Вработените во училиштето се грижат за безбедноста на учениците за време на приемот и нивното заминување.

Во училиштето нема формирано Ученичка заедница.

Родителите се запознаени со Програмата за работа на училиштето, со правата и обврските на учениците.

Училиштето има успешна соработка со основните и средните училишта од Кавадарци и околните општини, основни и средни музички училишта во државата и многу други установи.

Во училиштето управува училишен одбор кој е конституиран согласно Законот за основно образование и Статутот на училиштето. Сите членови на Училишниот одбор се со важечки мандат. Работата на Училишниот одбор е јасно дефинирана со Деловник за работа, Училишниот одбор работи транспарентно, со редовно одржување на состаноци. Има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите образовни структури.

Директорот на училиштето во раководењето и реализирањето на образовната политика има поддршка од сите структури на училиштето.

Училиштето има изработено самоевалуација во која прецизно се набележани јаките страни во работењето, но и слабите страни, страните кои треба во иднина да се подобруваат. Училиштето има изготвено самоевалуација за период од 2021 до 2023 година заведена во училиштето со дел. бр.01-142/3 од 12.8.2024 година.

Училиштето има изготвено Годишна програма за работа за учебна година 2024/25 година бр. 01-142/2 од 12.8.2024 година и истата е донесена од страна на Училиштен одбор. Во Годишната програма за работа на училиштето целосно е вградена училишната политика за развој на училиштето и подобрување на воспитно образовниот процес и во согласност со целите на државната и локалната образовна политика.

Училиштето има донесено Програма за развој на училиштето со бр. 02-248/6 од 21.12.2021 година за период од 2022 до 2026 година, која е усвоена на УО.

Училиштето има изготвено Статут бр. 01-38/5 од 23.1.2020 година, за кое има согласност од Министерството за образование и наука Скопје УП1 бр. 18-381 од 26.2.2020 година .

# КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

Општинското основно музичко-балетско училиште „Лазо Мицев Рале" Кавадарци се наоѓа на ул. Брака Миладиновци 66 лоцирано од десната страна на реката Луда Мара, во близина на ЈЗУ„Здраствен дом„ Кавадарци.

Наставата во училиштето се реализира во два споени објекти во вкупно 24 училници од кои 18 кабинети и 4 административни простории.

Наставата во училиштето се изведува на Македонски наставен јазик во две смени.

Во училиштето има вкупно 28 вработени. Вкупниот број на вработени се распределени на следните работни места: 1 директор, 1 административен работник, 1 стручен соработник педагог, 4 технички персонал и 21 наставници.

Наставниот кадар брои вкупно 21 наставници од кои 15 се мажи и 6 жени, од кои според етничка припадност македонци 21, оспособени да ги превземат одговорностите во наставата и вонннаставните активности, согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Од вкупниот број на наставници 10 наставници се вработени на неопределено работно време и 11 наставници се на определено работно време (од нив 1 наставник е приправник, наставник по кларинет и за него има определено ментор од директорот на училиштето и 2 наставници кои дополнуваат од друго училиште). Во однос на степенот на завршено образование, структурата на наставниот кадар е следна: 20 наставници се со завршено високо образование, 1 наставник е со завршено вишо образование.

Сите наставници се со соодветна стручна спрема согласно Законот за основното образование, Законот за наставници и стручни соработници и нормативите за наставен кадар освен еден наставник вработен на распишан јавен оглас по предметот пијано.

Во ООМБУ„Лазо Мицев Рале" Кавадарци се образуваат вкупно 286 ученици распоредени во 28 паралелки. Наставата во училиштето се реализира во две смени.

Објектот е од цврста градба изграден во 2008 како доградба на претходно постоечка зграда на детски диспанзер, со површина од 1500 м2 со добро одржани и уредени просторни услови. Училишниот двор е со површина од 245 м2 истиот не е заграден од сите страни.

Училиштето е основано со Решение бр.01-7225 од 30.12.1969 година.

Дејноста на училиштето е верифицирана со Решение бр.10-18733/3 од 24.2.1994 година од Министерството за образование и физичка култура.

Решението за упис на училишниот правен субјект во централниот регистар со дел. бр.30620090006269 од 24.12.2009 година е ЕДБ 4011992107770 и ЕМБС 4342097.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1. Реализација на наставните планови и програми

Во ООМБУ „Лазо Мицев Рале"-Кавадарци се реализираат наставни планови и програми за основно музичко и балетско образование. Истите се реализираат во пропишаниот обем и се во согласност со донесените програмски документи од страна на Министерството за образование и наука.

Наставата во училиштето се изведува индивидуално и групно. Во вокално - инструменталниот оддел се изучуваат задожителни предмети: солфеж, теорија на музиката, виолина, пијано, тромбон, пеење, хармоника, флејта, кларинет, труба и традициски инструменти.

Групната настава е организирана по теорија на музиката, солфеж, балет, хор и оркестар. Во училиштето како изборни предмети се изучува хор и оркестар.

Во балетскиот оддел се изучуваат: класичен балет, модерен балет, карактерни игри и гимнастика.

На почетокот на учебната година наставниците одржуваат родителски средби на кои ги запознаваат родителите со соодветните наставни планови и програми според кои се изведува наставата. Училиштето има изработено брошура која им се доставува на учениците и родителите на почетокот на учебната година со која се запознаваат со наставните планови и програми и другите активности на училиштето. Наставните планови и програми им се достапни на сите наставници и редовно се запознаваат со измените и дополнувањата на истите доколку ги има.

Во зависност од инструментот кој се изучува основното музичко образование може да биде со траење од девет, шест и три години.

Основното балетско образование трае шест години, а основното образование за пеење трае три години.

Бројот на часови за учениците за основно музичко образование изнесува најмногу до 7 часа неделно, а бројот на часови за учениците за основното балетско образование изнесува најмногу до 12 часа неделно.

Училиштето има формирано тим за училишна инклузија, кој има изготвено програма за работа и истата е во склоп на Годишната програма за работа на училиштето. Во училиштето во оваа учебна година нема запишано ученици со посебни образовни потреби .

Согласно наставниот план во училиштето настава се реализира по изборните предмети хор и оркестар. Изборот на изборните предмети се врши по препорака на наставниците по идивидуална настава.

Дополнителната настава има задолжителен карактер и се организира со ученици кои имаат повремени тешкотии во учењето и заостануваат во усвојувањето на содржините и другите задачи од еден или повеќе наставни предмети. Примарно дополнителна настава се организира за учениците кои ја користат законската можност за покасно вклучување во наставата или имаат поголем број на оправдани изостаноци, со цел побрзо да се дополнат наставните содржини кои се пропуштени.

Додатната настава се реализира со ученици кои во текот на задолжителната настава постигнуваат надпросечни резултати или пак пројавуваат и се потврдуваат со особена надареност и талентираност во одделни наставни подрачја. Оваа настава се организира и за оние ученици кои се подготвуваат за натпревари, концертни настапи или за приемен испит во средно училиште.

Застапеноста и организацијата на додатната и дополнителната настава е планирана во распоредот на работното време на наставниците.

Реализацијата на наставните планови и програми во училиштето е добра.

## 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

Во училиштето постои родова и етничка рамноправност како и мултикултурна сензитивност по однос на застапеноста на наставните програми. Наставниците низ својата воспитно-образовна работа ја почитуваат родовата рамноправност и мултикултурна сензитивност. Постојат примери за интегрирање на особеностите на локалната средина во добар број на наставни предмети. Во наставните содржини постојат теми и планирани активности кои се карактеристични за регионот, особено за потребите на некои јавни настани.

Училиштето има разработени насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми. Најголем број од наставниците ги остваруваат меѓупредметните цели како што се: развивање на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитување на различноста и основните човекови права и јакнење на свеста на учениците, што е особено изразено при реализација на воннаставните активности.

Влијанието на родителите врз наставните планови и програми е во многу мал обем. Училиштето преку Здружението на директори на државните музички и балетски училишта и во соработка со Бирото за развој на образованието, прави напори за измени и дополнување на наставните планови и програми. Со измените се очекува флексибилност и прилагодување на наставниот план и програма на спецификите на индивидуалната и групната настава. Училиштето во изминатиот период до МОН-Скопје има доставено барање за добивање на согласнот за отворање на паралелки за средно музичко образование.

## 1.3. Воннаставни активности

Училиштето планира и во целост реализира разновидни воннаставни активности кои се одраз на интересите и потребите на учениците. Училиштето овозможува најголем број на ученици да бидат вклучени во воннаставна активност во зависност од нивните желби и можности, подеднакво од машки и женски пол, националност и социјална структура.

Учениците се вклучени во воннаставните активности по сопствен избор и избор на наставникот. Со Годишната програма за работа на училиштето планирани се учества на учениците на повеќе државни и меѓународни натпревари.

Во изминатите три учебни години учениците учествувале на многубројни натпревари од државен и меѓународен карактер, на кои имаат освоено голем број на награди. Во учебната 2023/24 год. учениците освоиле вкупно 119 награди, од кои 12 први награди на регионален натпревар, 13 први и една втора награда на државен натпревар и купно 93 награди на меѓународен натпревар од кои 70 први награди и 23 втори награди. Во изминатата учебна година учениците учествувале на голем број на манифестации на општинско и државно ниво.Учениците по традициски инструменти и заедно со хорот на училиштето, учествувале со настап по повод Ден на општина Бољевац Р.Србија како и на фестивалот "СРМА" Ковин Р.Србија, учество на интернационален АРТ фестивал во Р. Молдавија, учество на новогодишни концерти, фестивал „Срма" Кавадарци, учество на меѓународен натпревар по камерна музика Кавадарци 2024 год. каде училиштето е организатор и домаќин, учество на хорот и оркестарот во рамки на

манифестацијата „Денови на Македонската култура“ во Ниш, настап на хорот и оркестарот на фестивал за традициска музика во Ковин Р. Србија, како и учество на многу други настани.

Училиштето соработува со други воспитно-образовни установи, општествени организации и институции и преку неговата културна и јавна работа се афирмира во средината и пошироко во државата.

Постигањата на учениците се презентираат пред нивните соученици и родители при одржување на класни концерти, јавни часови, новогодишни и годишни концерти, при одбележувањето на патрониот празник на училиштето, ученички натпревари и други манифестации, преку локалните медиуми, локален весник и преку фејсбук и веб страна на училиштето.

# 2 ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1 Постигања на учениците

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по пол, националност, по наставни предмети, податоци за средниот успех по години и податоци за изостаноците на учениците. Во текот на учебната година се добиваат тековни сознанија за напредокот и постигањата на учениците. Се води евиденција за напредокот, поведението и редовноста на учениците.

Постигањата на учениците се оценуваат описно и бројчано. Во првиот период од I-III одд. постигањата на ученикот по задолжителните и изборните предмети се оценуваат описно, во вториот период од IV –VI одд. описно и бројчано, а во третиот период од VII-IX одд. само бројчано.

Идентификацијата на учениците кои имаат потешкотии во учењето како и надарените ученици ја вршат наставниците, преку наставата која е индивидуална и дава можности на наставниците да ги идентификуваат потребите на учениците. За учениците кои имаат потешкотии во совладувањето на одредени задачи, се организира дополнителна настава, односно им се дава повеќе време за вежби за совладување на наставните единици.

Од годишните извештаи за постигањата на учениците во претходните три учебни години, за групна и индивидуална настава се констатира дека средниот успех на учениците, за оние кои се оценуваат бројчано е следниот: за учебна 2021/22 год. средниот успех е 4,98, за учебна 2022/23 год. средниот успех е 4,99 и за учебна 2023/24 год. средниот успех е 4,99 со што се констатира дека постигнатиот успех на учениците е висок кој се должи на карактерот на училиштето.

Поради индивидуалната настава интеракцијата помеѓу наставникот и учениците е голема, со што наставниците во редовната настава им обезбедуваат поддршка на учениците. Од увидот во дневниците за индивидуална настава се констатира дека наставниците имаат реализирано на часови по дополнителна и додатна настава.

Во изминатиот период училиштето во соработка со партнер училиштето ООМУ „Енвер Стафаи"-Гостивар има реализирано активности од проектот за меѓуетничка интеграција во образованието. Во учебната 2024/25 год. поради откажување на соработката со партнер училиштето од Гостивар, училиштето нема планирани активности од проектот МИО.

Училиштето на учениците им овозможува да се запишат во повисоките одделенија, односно вертикална проодност, со обврска да се полага годината што не ја посетувале, но за учениците кои се запишуваат покасно, музичкото образование не смее да биде пократко од шест учебни години.

## 2.2 Задржување и осипување на ученици

Во училиштето се запишуваат ученици од општина Кавадарци. Уписот на ученици се врши во текот на месец мај за наредната учебна година. Училиштето формира комисија за упис и доколку не е пополнат бројот на ученици, уписот на ученици продолжува до почетокот на учебната година. Уписот се врши со пријава доставена од страна на родител. Училиштето во соработка со основните училишта преку презентација во училиштата, како и преку јавните медиуми ги запознава учениците со уписот и со програмите кои се изучуваат во музичкото училиште.

Во учебната 2024/25 година во училиштето запишани се вкупно 286 ученици, од кои 146 машки и 140 женски, распоредени во 28 паралелки. Од вкупниот број на запишани ученици во

претходните учебни години, се констатира дека има мало зголемување на бројот на запишани ученици.

Секој наставник води евиденција за редовноста на учениците. Училиштето изготвува прегледи во кои се дадени податоци за бројот на оправдани и неоправдани изостаноци на учениците.

Во текот на оваа учебна година 14 ученици ја напуштиле наставата. Причина за напуштањето од училиштето е дел на губење на интересот на учениците за музичкото образование, оптеретеноста на учениците во основните училишта. Училиштето нема официјални податоци за опфат на учениците при премин од основно во средно музичко образование. Во годишните извештаи за работа на училиштето има податоци за број на ученици кои се запишани во средно музичко образование.

## 2.3 Повторување на ученици

Во училиштето во претходните учебни години нема ученик кој ја повторил учебната година.

# 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3.1. Планирања на наставниците

Наставниците имаат изготвени годишни и тематски глобални планирања и оперативен план за подготовка за часот за предметите кои ги предаваат. Освен редовната настава, наставниците ја планираат дополнителната и додатната настава Планирањата на поголем број наставници ги содржат неопходните елементи за успешна реализација на наставата. Наставниците во текот на реализацијата на наставата индивидуално ги прилагодуваат наставни програми за работа со учениците кои имаа потешкотии во учењето. Предметниот наставник може да ја прошири програмата во зависност од способностите на ученикот.

Во училиштето има процедура за следење на планирањата на наставниците од страна на директорот на училиштето. Планирањата на наставниците се следат најмалку два пати во едно полугодие од директорот на училиштето и педагогот во училиштето при што на наставниците им се дава инструктивно советодавна помош за подобрување на квалитетот на планирањата.

Наставниците планираат индивидуално, но на ниво на активи соработуваат, разменуваат искуства и идеи за планирањето во согласност со препораките на БРО .

Распоредот на часови го изработуваат сите наставници по индивидуална настава во соработка со директорот на училиштето, почитувајки ги потребите на учениците и се усогласува со распоредите на основните училишта од каде што доагаат учениците.

Преку непосредно следење на наставата, директорот на училиштето и педагогот имаат увид во квалитетот на планирањата при што на наставниците им дава инструктивно советодавна помош  за подобрување на квалитетот на планирањата.

Наставниците планираат активности во рамките на стручните активи и самостојно разменуваат искуства и идеи за планирањата, ги следат достигнувањата од интернет страниците, се консултираат со колеги од други училишта.

За поефикасно планирање на наставата, училиштето на наставниците им дава поддршка со тоа што им обезбедува наставните планови и програми да им бидат достапни во секое време, им ја обезбедува потребната литература, стручна и техничка помош.

## 3.2. Наставен процес

Поголем број од наставниците користат разновидни форми и методи кои соодветствуваат на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Поголем број од наставниците користат испланирани и соодветни активни методи за да работат со учениците индивидуално, во група. Поголем број од наставниците се трудат да ги развиваат индивидуалните способности за учење на секој ученик, како и вештините за соработка, комуникација, критичко мислење, решавање проблеми, креативност и иновација. Наставниот процес кој се одвива во училиштето е добар.

Задачите што се работат во училиште или дома се испланирани и поврзани со  работата на учениците за време на часовите. Изборот на задачите и активностите е приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците, што им помага на учениците да ги постигнат предвидените цели на наставата и им се овозможува да работат со сопствено темпо.

Поголем број од наставниците за време на настава и други активности со учениците се однесуваат на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање без разлика на пол,етничка и религиска припадност.

Наставниот процес од страна на раководниот орган континуирано се следи најмалку два пати годишно. Индиректно се следи од сознанијата од родителите и преку постигањата на учениците од севкупниот воспитно-образовен процес и јавните настапи.

Интеракцијата помеѓу наставник - ученик во процесот на наставата е добра.

Во процесот на поучување и учење се користат различни методи на интеракција со учениците, со цел да се подобри учењето и да се гради доверба помеѓу наставниците и учениците. Поголем број од наставниците ги споделуваат со учениците целите на наставата и очекуваните исходи од учењето каде поучувањето е соодветно на возраста и нивото на образование на учениците. Од поголем број наставници наставата се реализира со поразлични интерактивни методи што подразбира активно вклучување на учениците во процесот на наставата, каде што се промовираат различни начини на учење и градење на доверба меѓу наставниците и учениците.

Најголем број од наставниците користат позитивни приоди да ги поттикнат и мотивираат учениците активно да земат учество во наставата (преку пофалби, разговори). Наставниците се однесуваат кон учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање без оглед на нивниот пол, социјалното потекло, етничката и религиската припадност.

Во планирањата на најголем број наставници се планирани наставни содржини со примена на ИКТ во наставата, во секој кабинет е инсталиран компјутер и има интернет конекција и се реализира согласно потребите на наставната програма.

Поголем дел од наставниците им ги истакнуваат целите и очекувањата од наставата, градат доверба и почитување на личноста, а со тоа придонесуваат за поголема активност од учениците.

Дополнителната и додатната настава и слободните активности се реализираат согласно Годишната програма за работа и изготвените распореди. Најголем број од наставниците во процесот на воспитно-образовната работа имаат подеднаков пристап кон учениците независно од социјално-економскиот статус, полот, или неговите постигања.

Директорот во своите планирања планира најмалку две посети на наставници - наставни часови во едно полугодие. Има изготвено евидентен лист-инструмент за следење на наставен час. Се вршат консултации по посетениот час. Покрај забелешките се нагласуваат и позитивните согледувања како мотивација за продолжување со професионален, креативен и одговорен приод кон реализацијата на наставните задачи и цели.

Констатациите и водените разговори по извршениот увид од следењето на наставата се во функција на подобрување на воспитно-образовниот процес.

Најголем број од наставници имаат добар однос кон учениците. Поголемиот број наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување и разбирање. Во училиштето се следи наставниот процес.

Кај поголем број наставници интеракцијата со учениците е во насока на промовирање на учењето и градење доверба меѓу наставниците и учениците.

Поголем број наставници на учениците им даваат конструктивни повратни информации за процесот на учење и продуктите од учењето (како учи и што научил). Поголем број од наставниците ги истакнуваат целите и исходите од наставата, ги следат активностите на учениците, насочуваат, дават заклучоци по извршените активности, градат доверба и почитување на личноста.

Училиштето не ја реализира програмата „Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем".

### 3.3. Искуства на учениците од учењето

Поголем број наставници бараат од учениците самостојно да мислат и да го искажуваат своето мислење по основ на музички материјали и материјалот за вежбање.

Поголем број од учениците се ангажирани во вон наставните активности, на настапи, учество на регионални, државни и меѓународни натпревари, соработка со локалната средина со што се поттикнува и мотивира нивниот личен развој.

Од учеството на натпревари, средби и фестивали, јавни настапи како во Републиката така и во околните соседни држави, учениците имаат стекнато добри искуства.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Во процесот на наставата наставниците ги препознаваат образовните потреби и пречки во процесот на учење кај учениците и ги идентификуваат. Најголем број од наставниците водат грижа за индивидуалните потреби на учениците и им даваат различни задачи и активности за време на часовите. На состанокот со совет на родители беше истакнато дека најголем број од наставниците нудат помош за остварување на образовните потреби на учениците. Освен редовната настава, дополнително ги повикуваат учениците кои послабо напредуваат и учениците кои побрзо напредуваат на кои додатно им се потребни насоки за постигнување на повисоки резултати.

### 3.5. Оценувањето, како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците.

Учениците се оценуваат описно и бројчано во зависност од одделението кое го посетуваат.

Учениците и родителите се запознаени со критериумите за оценување на учениците по наставните предмети.

На крај од наставната година учениците задолжително полагаат годишен испит. Мислењето од комисијата за годишниот испит се евидентира во Дневникот за индивидуална настава за учениците. Во текот на учебната година се одржуваат по два јавни часа (концерт на учениците) исто така пракса е и на родителски средби се реализираат јавни часови кои се минимум четири годишно, каде родителите можат постигањата на своето дете да го споредат со другите ученици од одделението.

При оценување наставниците користат различни инструменти и техники и го оценуваат напредокот на учениците.

Оценувањето е транспарентно и скоро секогаш проследено со дискусија од страна на наставникот и учениците која во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања.

Наставниците редовно им даваат повратна информација на учениците за нивната работа.

.Добиените информации од оценувањето на напредокот на учениците, наставниците секогаш соодветно ги користат за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигањата и напредокот на учениците и давање транспарентна и повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно.За таа цел се користат формални и неформални средби, групни и индивидуални средби со родителите.

Училиштето има и веб-портал www.lazomicevrale.mk на која се објавуваат значајни настани, манифестации и случувања во училиштето.

Родителите добиваат пишани извештаи и евидентни листови на крајот на секое тромесечие со информации за напредокот на нивното дете, а на крајот на учебната година свидетелство. Во училиштето во текот на учебната година се одржуваат родителски средби и класни концерти на кои родителите се известуваат за успехот и напредокот на своите деца.

# 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4.1 Севкупна грижа за учениците

Севкупната грижа на училиштето за учениците е добра. Училишниот простор е со осветлени училници, ходниците, дворната површина и друго се безбедни, а ризикот од повреди на учениците е минимален. Наставниците и учениците ја следат и реализираат наставата безбедно. Хигиената во училишните простории и ходниците е на високо ниво. Училиштето има план и проценка за заштита и спасување направен врз основа на правилникот за заштита и спасување од елементарни непогоди.

Училиштето поради малиот број на ученици, малиот број на наставници и индивидуалната настава смета дека нема потреба од организирани дежурства од наставници. Родителите истакнаа дека обуки, едукативни трибини, предавања од стручни лица за заштита од пушење, алкохол и опојни средства, нивните ученици ги добиваат во редовното основно образование. Вработените во текот на разговорот нагласија дека нема појава на злоупотреба со пушење, алкохол, дрога.

Исхрана во училиштето нема организирано поради краткиот временски период на престој на учениците во училиштето.

Училиштето нема ученици со пречки во развојот.

Училиштето има пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во воннаставните активности што бараат вложување дополнителни средства.Од страна на училиштето се обезбедени музучки инструменти кои истите со реверс се користат од страна на учениците за нивните потреби.

## 4.2. Здравје

Училиштето се грижи за одржување на хигиената на училишниот објект со тоа што училниците, ходниците и скалите се чистат секојдневно, а другиот училишен простор и инвентар генерално еднаш во секое полугодие.

Дворот на училиштето е мал и истиот е уреден, чист и редовно се одржува. Систематските прегледи на учениците се вршат во склоп на основните училишта од каде доаѓаат.

Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести.

Систематскиот преглед на вработените редовно се извршува на согласно законските одредби.

Во училиштето има предвидени процедури за заштита од заразни болести.

## 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето на учениците им обезбедува информации за нивното понатамошно образование. За учениците кои се одлучуваат да се запишат во некое од средните музичко балетски училишта, се обезбедува темелна стручна помош при аплицирањето за запишување.

Во ретки случаи на појава на емоционални потешкотии кај учениците, грижата за овие ученици ја преземаат сите наставници. Со овие ученици се разговора со што им се помага на учениците да ги надминат потешкотиите.

Училиштето им помага на учениците во изборот да го продолжат своето понатамошното музичко образование во некое од средните музички училишта, преку индивидуални разговори со учениците и родителите, разговори со еминентни музички педагози и организирани посети на музички манифестации и натпревари.

## 4.4. Следење на напредокот

Во училиштето се води целосна евиденција за редовноста, поведението и успехот на учениците. Наставниците подготвуваат извештаи и анализи по квартали за својата класа врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Изготвените извештаи и анализи по паралелки се доставуваат на увид на раководниот кадар и разгледуваат, анализираат на наставнички совет и истите се користат за подобрување на воспитно образовниот процес.

Извештаите, анализите за постигањата на учениците им се достапни на учениците и на родителите. Запознавањето се врши преку родителски средби, евидентни листови, свидетелства, прегледи за учество во слободните ученички активности и регистар за учество на натпревари, конкурси и други манифестации.

Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно образовниот процес.

# 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

## 5.1. Училишна клима и односи во училиштето.

Училиштето е единствено од таков тип во општината и ги опфака учениците од општината.

Училишната клима и односите помеѓу учесниците во воспитно-образовниот процес во училиштето се добри. Најголем број од наставниците уживаат респект кај учениците и родителите и придонесуваат за целосна афирмација на училиштето. Раководството има важна улога во одржувањето на добрата атмосферата во училиштето, остварува добра соработка со учениците, наставниците и родителите.

Училиштето има Кодекс на однесување на наставниците и родителите, во кој се регулирани правилата на однесување на: однесувањето на наставникот на часот; односот на наставникот и ученикот; односот на наставникот и родителот; меѓусебниот однос на наставниците и раководниот орган. Училиштето нема пишана процедура во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексот.

Училиштето има донесено Кодекс на однесување на учениците и Правила на однесување на учениците во училиштето. Во случај на кршење на правилата на однесување на учениците во училиштето, на учениците им се изрекуваат педагошки мерки утврдени во Правилникот за изрекување на педагошки мерки за учениците и Законот за основно образование.

Во училиштето е донесен Куќен ред кој е поставен на видно место во училиштето.

Дисциплината на учениците во училиштето е добра. Во претходните три учебни години нема изречено педагошка мерка на ученици. Вработените во училиштето се грижат за безбедноста на учениците за време на приемот и нивното заминување.

Во училиштето нема формирано Ученичка заедница.

Во училиштето се организираат хуманитарни акции, учествуваат во организација на активности за патрониот празник на училиштето, одбележување на значајни датуми и настани во општината и други активности.

Училиштето во општината и пошироко има реноме на добро училиште кое произведува многу добри и успешни музичари како и по големиот број на освоени награди и признанија.

Вработените со својата работа и однесување придонесуваат за афирмација на училиштето. Речеси сите наставници уживаат добар респект кај родителите и учениците и најголемиот дел од наставниците и учениците се идентификуваат со училиштето.

Во училиштето постои взаемно разбирање и почитување помеѓу наставниците и учениците. Поголемиот број на наставници сметаат дека комуникацијата помеѓу вработените и раководството на училиштето е добра.

Училишната клима и односите помегу учениците во воспитно-образовниот процес е на добро ниво.

Дисциплината е на добро ниво и наставниците имаат многу добра соработка со учениците.

## 5.2.Промовирање на постигањата

Училиштето и наставниот кадар им овозможуваат на учениците да учествуваат на натпревари на општинско, регионално и државно ниво.

Групните и поединечните постигања на учениците се промовираат во рамките на училиштето, на завршната приредба.

Училиштето прогласува првенец и ученик на генерацијата, согласно критериумите утврдени во Правилникот за доделување на награди за ученици. Учениците кои имаат освоено награди, училиштето ги наградува со диплома и книги.

Резултатите од постигањата на учениците се евидентираат во полугодишниот и годишниот извештај.

Промовирањето на постигањата на учениците училиштето го врши на училишни, државни и меѓународни натпревари, класни концерти, јавни настапи во јавни установи, смотри, новогодишен и божиќен концерт, прослави, културни настани. Наградените ученици и учениците кои добиле признанија и дипломи јавно се пофалуваат. За постигнатите резултати учениците и училиштето се промовира и преку веб порталот на училиштето и на локалните медиуми. Училиштето соработува со другите воспитно-образовни установи, општествени организации и институции и преку неговата културна и јавна работа се афирмира во средината и пошироко во државата.

Училиштето има политика на потикнување на учениците да учествуваат на натпревари на локално, државно и меѓународно ниво.

## 5.3. Еднаквост и правичност

Училиштето ги образува учениците да ја почитуваат сопствената култура, вера и традиција, но да ги почитуваат и културите, верата и традициите на другите етнички заедници. Училиштето за оваа учебна година нема планирано активности од МИО поради откажување на партнер училиштето ООУ„Енвер Стафаи„ Гостивар.

Вработените во училиштето се запознаени со правата на децата и можат да ги препознаат случаите на нивно нарушување во практиката. Училиштето не систематски, но преку разни форми ги запознава учениците со нивните права. Родителите за правата на своите деца се запознаваат од училиштето, преку посебна брошура и од други извори.

Училиштето ги образува учениците да ја почитуваат сопствената култура, вера и традиција, но да ги почитуваат и културите, верата и традициите на другите етнички заедници. Училиштето не е вклучено во проектот на МОН за Меѓуетничка интеграција, преку кој учениците се запознаваат со културата, верата и традициите и на другите етнички заедници.

Вработените подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност и социјалната положба.

Сите ученици независно од полот и социјалната структура подеднакво учествуваат во сите активности поврзани со јавните настапи на училиштето по разни поводи.

Во последните три години нема регистрирано случај на дискриминација од страна на наставниците и другите вработени. Раководството и наставниците го негуваат таквиот однос.

## 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната заедница

Родителите во работата на училиштето се вклучуваат преку формалните законски форми - Совет на родители и Училиштен одбор.

Комуникацијата со родителите најчесто се воспоставува за време на Совет на родители, родителски средби, при индивидуални средби, советување на родители. Од страна на училиштето на родителите им се овозможува да се вклучат во работата на училиштето при организирање на јавни настапи, презентации, прослави, хуманитарни акции.

Задолжително се одржуваат по две родителски средби во прво полугодие и три родителски средби во второ полугодие. Училиштето е отворено за соработка со родителите и секој работен ден.

Родителите се запознаени со Програмата за работа на училиштето, со правата и обврските на учениците.

Училиштето соработува со локалната самоуправа - учествува во одбележувањето на значајни настани, манифестации организирани во рамките на општината и при планирање и реализација на проекти кои се од непосреден интерес за подобрување на работата во училиштето. Училиштето перманентно соработува со училиштата од соседните општини преку организирање на заеднички музички активности.

Училиштето има успешна соработка со основните и средните училишта од Кавадарци и околните општини, основни и средни музички училишта во државата и многу други установи.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

Воспитно-образовната дејност во ООМБУ „Лазо Мицев Рале" Кавадарци се реализира во две училишни згради меѓусебно поврзани, лоцирани на ул. Браќа Миладинивци" бб. Кавадарци. Училиштето располага со 1745 $м^2$ вкупен простор од кој 1500 $м^2$ корисен простор и 245 $м^2$ хортикултурно уреден училишен двор. Училиштето располага со 18 училници за индивидуална настава (кабинети) и шест училници за колективна настава, концертна и балетска сала, наставничка канцеларија, простории за стручно-административниот кадар, работилница за хаусмајстор, магацин за чување на инструменти, котлара, соблекувална за учениците по балет, музичко студио, две чајни кујни, тоалети за наставници и ученици. Училиштето не располага со библиотека.

Затоплувањето на училишните објекти е со сопствено парно греење на нафта.

Просторните капацитети во кои се одвива воспитно-образовниот процес се добри.

## 6.2. Наставни средства и материјали

Училиштето со помош на локалната самоуправа, бизнис заедницата и со сопствени финансиски средства континуирано врши набавка на музички инструменти и друга опрема. Во училиштето во сите училници и кабинети, како и во канцелариите за стручниот соработник, за секретарот и директор има инсталирано компјутерска техника. Во училиштето има интернет конекција. Постоечките наставни средства (инструменти) се во функција на наставата и оптимално се користат од страна на наставниот кадар.

Потребите од наставни средства и материјали се утврдуваат на заеднички состаноци на стручни активи и на наставнички совет. За реализација на воспитно-образовниот процес, училиштето континуирано врши набавка на потрошен материјал во согласност со одобрените финансиски средства. Исто така училиштето преку донации и реализација на проекти врши набавка на музички инструменти, копмјутерска техника и друга опрема. Во изминатиот период училиштето преку донации од страна на родителите се финансира учеството на учениците на музички натпревари како и набавка на нови инструменти.

Материјално-техничката опременост на училиштето е добра.

## 6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар

За учебната 2024/25 година, училиштето има обезбедено потребен наставен кадар за сите предмети кои се изучуваат. Во училиштето вработени се вкупно 21 наставник, од кои 10 наставници се на неопределено работно време, а 11 наставници се на определено работно време од кои еден наставник е несоодветен и двајца наставници дополнуваат од други училишта. Во оваа учебна година еден наставник е приправник, за кој училиштето има определено ментор. Наставниот кадар по наставните предмети е распределен според систематизацијата на работни места во училиштето. Во училиштето работат четири стручни активи. Стручната служба е составена од стручен соработник-педагог. Од административни службеници во училиштето има: секретар и сметководител, а од помошно-технички лица во училиштето вработени се тројца хигиеничари и еден хаусмајстор.

При избор на наставен кадар не е констатирана родова, национална или друга дискриминација. Редовноста на наставниот кадар и другите вработени лица во училиштето ја

следи директорот на училиштето. Вработените го почитуваат работното време и со својата работа придонесуваат за успехот на училиштето.

## 6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Во училиштето вреботен е еден стручен соработник-педагог, кој ги следи развојните потреби на наставниот кадар. Наставниот кадар за својата работа се следи и вреднува од страна на директорот преку посета на часови, увид во планирањата и преку освоените награди на учениците.

Сите наставници има изготвено лично професионално досие. Училиштето ја почитува законската регулатива за професионалниот развој на наставниците. Во изминатите три учебни години наставниците имаат посетувани обуки во организација на БРО и МОН. Во изминатиот период поголем број од наставниците имаат посетувано обуки на тема: „Спречување и борба против трговија со деца", „Подобрување на квалитетот на податоците и зајакнување на креирањето политики", „Стратегии за менаџмент во училница", „Примена на иновативни интегрирани пристапи во наставата", „Професионална ориентација на учениците", „Решавање на конфликти со учениците", „Развивање социоемоционлни вештини кај учениците", „Професионална соработка на наставниците", „Инклузија и пристап во поучувањето на ученици", „Применана иновативни интерактивни пристапи во наставата" и други. Во учебната 2023/24 год. во организација на БРО сите наставници имаат посетено обука на тема: „Стратегии, методи и техники за работа со надарени ученици", исто така за време на одржување на меѓународни натпревари реализирани се стручни обуки за наставниците по предметите труба, пијано, виолина, теорија на музиката и друго.

## 6.5 Финансиско работење во училиштето

Училиштето изготвува годишен финансиски план и план за јавни набавки, со кои се планирани финансиски средства за непречено финансиско работење. Набавката на нафта и електрична енергија ја врши општината. Училиштето работи со три сметки: буџетска-903 и 603 сметка за привремени вработувања и сопствена 787- сметка. Училиштето прилив на средства на сопствената сметка има од наменска донација од ученици и издавање на концертната сала. Училишниот одбор како орган надлежен за донесување на предлог финансискиот план и предлог завршната сметка на училиштето се запознава со планирањето и реализацијата на финансиските активности на училиштето. Училишниот одбор има донесено Одлука за наменска донација од учениците, Одлука за изнајмување на училишен простор, како и Правилник за давање под закуп на училишен простор (концертна сала). Завршните сметки се разгледуваат на седниците на Училишниот одбор.

Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и неговото трошење. Родителите преку советот на родители се запознаени со финансиските активности на училиштето. Буџетот на училиштето наменски се користи за подобрување на материјално-техничките услови, набавка на наставно-образовни помагала, одржување на семинари и конференции, набавки на потрошен материјал и друго, што го подобрува развојот на училиштето во целина.

# 7.УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО

## 7.1. Управување и раководење со училиштето

Во училиштето управува училишен одбор кој е конституиран согласно Законот за основно образование и Статутот на училиштето. Сите членови на Училишниот одбор се со важечки мандат. Училишниот одбор работи согласно своите надлежности и Деловникот за работа со кој се организира работењето. Состаноците на Училишниот одбор се одржувани со законскиот кворум за работа. Членовите на Училишниот одбор се информирани со одредбите од Законот за основно образование во однос на органот на управување. За членовите на Училишниот одбор не е реализирана обука за успешно извршување на улогата на управување. Училишниот одбор соработува со раководниот орган на училиштето и другите образовни структури во училиштето.

Директорот на училиштето како раководен орган има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става подобрувањето на условите за работа во училиштето, подобрување на квалитетот на наставата, а со тоа и постигањата на учениците, професионалниот развој на наставниците, како и одржување и набавка на нови инструменти. Работењето на раководниот орган е засновано на тимска работа. Директорт на училиштето има јасна визија за работата на училиштето. Има воспоставено партнерски однос и соработува со наставниот кадар, стручните органи и тела во училиштето, локалната средина, локалната самоуправа и со владини и невладини организации.

Директорот на училиштето во раководењето и реализирањето на образовната политика има поддршка од сите структури на училиштето.

## 7.2. Креирање на училишната политика

Целите се јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и постигањата на учениците. Образовната политика на училиштето е предвидена со Годишната програма за работа и Програмата за развој на училиштето. Во постапките за креирање на училишната политика вклучени се наставниот кадар, родителите и локалната средина, при што се почитуваат насоките дадени од МОН и БРО.

Училиштето има изработено самоевалуација во која се забележани јаките и слабите страни во работењето, страните кои треба во иднина да се подобруваат. Училиштето има донесено Програма за развој на училиштето за период од четири години. Во Програмата за развој на училиштето целите на развојната политика се прецизни, јасно отсликани и опфатени. При нивните поставувања се вклучени наставниците, родителите и претставници на локалната заедница. За сите поставени цели изготвени се акциски планови, со носители на активностите, со временски рок по години за нивно извршување.

# 8. Наоди и препораки

## 8.1. Јаки страни

- Голем број учениците активно учествуваат на натпревари, на ниво на општина, на државно и на меѓународно ниво и постигнуваат добри резултати;
- Голем број на освоени награди на државно и меѓународно ниво;
- Голем број на јавни настапи по различни поводи и културни настани
- Хигиената во училишниот објект е добра;
- Училишната клима и односите помегу наставниците, учениците и раководниот орган во воспитно-образовниот процес е на добро ниво;
- Училиштето е активно вклучено во соработката со локалната заедница.
- Во соработка со општинската установа Дом на култура „Иван Мазов Климе“- Кавадарци, училиштето е организатор на меѓународниот натпревар за камерна музика КМК.

## 8.2. Слаби страни

- Училиштето нема формирано ученичка заедница.
- Училиштето не обезбедило обука за членовите на училишниот одбор.

## 8.3. Препораки

- **Училиштето да преземе активности за формирање на ученичка заедница**
- **Училиштето да преземе активности за реализација на обуки за членовите на училишниот одбор за успешно извршување на улогата на управување.**

| | |
|---|---|
| Александар Арсов,  Раководител на инспекцискиот тим | |
| Илија Илиевски,  Инспектор | |
| | |